Врз основа на член 11 во врска со член 18 став 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на РМ“ број 66/04 и 89/08), и Одлуката за подигање спомен обележје на Паднатите херои за Македонија на Советот на Општина Центар Скопје број 07-2766/5 од 06.11.2008 година, Одборот за подигање на спомен обележје на Паднатите херои за Македонија, распишува

# ПОВТОРЕН КОНКУРС Бр. 01/09

## ЗА ИЗРАБОТКА НА ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ПАДНАТИТЕ ХЕРОИ ЗА МАКЕДОНИЈА

1. Предмет на конкурсот: Изработка на иддеен проект за подигање спомен обележје на Паднатите херои за Македонија.
2. Опис на спомен обележјето: Монументална скулптура на Паднатите херои за Македонија на постамент - композиција на слободна интерпретација на ликовни и архитектонски елементи, изведена во траен материјал, која се вклопува во зададениот архитектонски простор.
3. Местоположба на спомен обележјето: Спомен обележјето ќе се постави во паркот „Жена борец“.
4. Конкурсот е јавен и анонимен. На конкурсот можат да учествуваат домашни и странски физички и правни лица .
5. Учесниците на конкурсот се пријавуваат под шифра. Секој од учесниците имаат право да учествуваат со по еден труд.
6. Конкурсниот труд треба да ги содржи сите елементи предвидени во Проектната програма утврдена во Одборот за подигање на спомен обележје.
7. Пресметковната вредност на спомен обележјето изнесува до шеесет милиони денари.
8. Доколку пристигнатите трудови ги задоволуваат пропозициите на конкурсот, ќе се доделат следните награди и откупи во нето износ:

| | |
|---|---|
| - Прва награда | 400.000,00 денари; |
| - Втора награда | 250.000,00 дрнари; |
| - Трета награда | 150.000,00 денари; |
| - Два откупи по | 60.000,00 денари; |
| - Фонд за обесштетување | 100.000,00 денари. |

9. Изборот на идејниот проект ќе го изврши Одборот за подигање на спомен обележје со мнозинство гласови на неговите членови.
10. Одборот за подигање на спомен обележје ќе го изврши оценувањето и ќе ги објави резултатите од конкурсот во рок од триесет дена од денот на завршување на конкурсот.
11. Конкурсните трудови треба да се предадат во архивата на Општина Центар, во Скопје на улица „Михаил Цоков“ бб, најдоцна до 13.04.2009 година во 16,00 часот.
12. Проектната програма за конкурсот може да се подигне во Архивата на Општина Центар, по претходна уплата на неповратни средства од 1.000,00 денари на следната сметка:
   - Назив на примачот: Буџет на Општина Центар - Скопје
   - Банка на примачот: Народна Банка на Република Македонија
   - Сметка: 100000000063095
   - Сметка на буџетски корисник: 7820141220 630 10
   - Приходна шифра: 724125
   - Програма: 00
   - Цел на дознаката: Уплата за конкурсни материјали по повторен конкурс број 01/09.
13. За дополнителни информации заинтересираните учесници можат да се обратат на телефон 3203654 секој работен ден од 10,00 до 13,00 часот.

***Одбор за подигање на спомен обележје на Паднатите херои за Македонија***